Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“ Скопје
**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-426/3
13-07-2026 20 _ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 166, став 2 и член 173 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.178/2021, бр.58/2024 и бр.124/2025) член 4, став 1 и член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018) член 55, точка 8 од Статутот на Фармацевтскиот факултет Скопје во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.459/2019) законски спроведената конкурсна постапка за избор и рецензијата објавена во Билтен бр. 1353 од 15 мај 2026 година, Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје на својата XVIII-та редовна седница одржана на 13.7.2026 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор на наставник во наставно-научно звање**

1. Д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова се избира во наставно-научно звање **вонреден професор** на Фармацевтски факултет Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова се избира во звање вонреден професор во наставно-научните области фармацевтска ботаника (3.05.02.09) и фармакогнозија (3.05.02.10).

3. Изборот се смета од 13.7.2026 година кога именуваната ги стекнува сите права и обврски од работи и работни задачи на вонреден професор на Фармацевтски факултет Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

4. Д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова, вонреден професор на Фармацевтски факултет Скопје согласно одредбите од Законот за високото образование се избира за време од 5 години.

5.Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

Образложение

Наставно-научниот совет на Фармацевтски факултет во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј“ во Скопје постапувајќи во согласност со законските прописи, а врз основа на Извештајот од рецензентската комисија објавена во Билтен на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1353 од 15 мај 2026 година, на редовната седница одржана на 13.7.2026 година донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до :
- секретар
- именуваниот/та
- архива

**Д е к а н**

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
Република Северна Македонија
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

**Проф. д-р Зоран Стерјев**

Изготвил: Д.Анческа